ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ

01 2022 10 02

Скопје, април 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 42 |
| Финансиски извештаи за 2021 година | |
| Биланс на успех | 43 |
| Биланс на состојба | 44 |
| Извештај за промените во главнината/капиталот | 45 |
| Извештај за паричниот тек | 46 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 47 - 50 |
| Основни сметководствени политики | 50 - 57 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 57 - 69 |

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1 – Преглед на обврски спрема Буџет на Република Северна Македонија

Прилог бр.2 – Преглед на состојба на залихи по сметки

Прилог бр.3 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр. 4 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија |
| в.д. | Вршител на должност |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕБРД | European Bank for Reconstruction and Development (Европска банка за обнова и развој) |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЕИБ | European Investment Bank (EIB) Европска инвестициска банка |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЈН | Јавни набавки |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МФ | Министерство за финансии |
| ПСОВ | Пречистителна станица за отпадни води |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| УО | Управен одбор |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:19-453/6
Дата: 25.04.2023 г

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие “Водовод и канализација Скопје”, за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2011 година, при што овластениот државен ревизор изрази позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Од последната ревизија поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП Водовод и канализација Скопје за 2021 година констатирани се следните состојби:

- не е постапено согласно одредбите од Законот за води, поради што не е извршена уплата на надоместок за користење на води и за испуштање во води на трезорската сметка во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 185.543 илјади денари;
- со 30% од корисниците на услугите на јавното претпријатие не се склучени договори, поради што меѓусебните права и обврски со нив не се регулирани;

- не е изготвен шест месечен извештај за работата на ЈП, со што е намалена транспарентноста при информирањето за видот и обемот на вршење на дејноста, како и за финансиско работење на претпријатието;
- новите вработувањата не се спроведуваат по претходно обезбедени известувања за обезбедени финансиски средства од надлежните органи;
- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на претпријатието како основачки влог;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- несоодветен третман на расходуваните средства по годишен попис во сметководствената евиденција;
- нерегулирани права на сопственост во АКН за земјиштето и дел од градежните објекти кои во деловните книги се евидентирани со вредност од 100.729 илјади денари, неевидентирани објекти во сметководствената и материјална евиденција, неусогласена материјална евиденција за линиските објекти со податоците од имотните и евидентните листови, како и земјиште и објекти, кои се евидентирани во сметководствената евиденција, но за истите не се обезбедени уредни и веродостојни документи со што не може да се потврди нивната точност, површина и сопственост.
- не е утврдена фактичката состојба на средствата во подготовка, поради што несоодветно и ненавремено е воспоставена сметководствена евиденција на нематеријалните и материјалните средства во износ од 269.447 илјади денари;
- за одредени количини од залихите на суровини, материјали и резервните делови, кои се набавени пред 2017 година и не биле издадени во употреба, на крајот на пресметковниот период не е утврдена и соодветно евидентирана нивната нето реализациона вредност;
- утврдени се неправилности во начинот на пресметка на платата за административните службеници;
- не се врши соодветно разграничување на трошоците за регрес, односно резервирање на трошоците за отпремнина во временскиот период кога настанале што влијае на реално и објективно прикажување на обврските и расходите;
- утврдена е загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува 60% од произведената вода и
- утврдени се неправилности во начинот на доделување на договорите за ЈН.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна следните прашања кои се однесуваат на:

- пониско утврдената цената за услугата за снабдување со вода за пиење за едно АД во приватна сопственост во однос на цената која е определена да ја плаќаат субјектите во категоријата стопанство;
- последователно именување на три лица за в.д. директор без објавување на јавен оглас;
- запишано право на залог (хипотека) на административната зграда и земјиште;
- информации за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје, како една од најголемите инфраструктурни инвестиции во државата;
- анализа на состојбата на побарувањата и обврските во периодот 2017 – 2021 година;
- судските постапки во кои ЈП Водовод и канализација Скопје се јавува како тужител и тужен и
- преземените мерки за наплата на сметките и фактурите за потрошена вода, подигнат смет и надомест за одржување на јавното градско зеленило кои не се платени од страна на домаќинствата и субјектите од стопанството, како и анализа на трошоците за ангажирани адвокати, нотари и извршители.

Во делот Останати прашања истакната е потребата од предлагање и донесување на подзаконски акт од надлежните институции, за уредување на начинот на пресметка и наплата на варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води.

Од страна на в.д. директорот во ЈП Водовод и канализација Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека најголем дел од нив претставуваат образложенија за причините кои довеле до утврдените состојби, известувања за мерки и активности кои се преземени и ќе бидат преземени по дадените препораки, додека две забелешки не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 43 до 46 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП Водовод и канализација Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за 2021 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година, при што изразено е позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП Водовод и канализација Скопје застапувано од:

- Душко Весковски, директор од 18.05.2018 до 28.12.2021 година и
- ЗлаткоПерински, в.д. директор од 29.12.2021 година до 09.09.2022 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.11.2022 година до 10.02.2023 година кај ЈП Водовод и канализација Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Од последната извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност е поминат подолг временски период, во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беа предмет на проверка.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок одржан на 24.02.2023 година со одговорните лица на субјектот предмет на ревизија.

На ден 06.04.2023 година, од страна на в.д. директорот во ЈП Водовод и канализација Скопје добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на точките 4.1.1., 4.1.4., 4.2.2., 4.2.4., 4.2.6., 4.2.7., 4.2.9. и 4.3.1., истите се разгледани и утврдено е дека најголем дел од нив претставуваат образложенија за причините кои довеле до утврдените состојби и известувања за мерки и активности кои се преземени и ќе бидат преземени по дадените препораки, додека забелешките на точките 4.1.4. и 4.2.7. не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

Забелешките на субјектот и одговорот на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се составен дел на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со член 213 и член 214 од Законот за водите[1], пропишани се обврски за плаќање на надоместоци за:

- користење на вода наменета за консумирање од страна на човекот, при што давателот на услугата пресметува надоместок во висина од 2% од утврдената цена на услугата за снабдување со вода за метар кубен вода и
- испуштање во води, што се утврдува како основна вредност (надоместок од 1% од утврдената цена на услугата за собирање и пречистување на отпадните води врз основа на количината на водата што е испуштена во системот) и варијабилна вредност. Во законската регулатива предвидено е варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води да се утврди во дозволата за испуштање во води врз основа на "единица на штетност".

Обврзник за плаќање на надоместок е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а обврзници за пресметување и наплата на надоместокот за користење на водата и надоместокот за испуштање во води се правните лица кои управуваат со водоснабдителниот и канализациониот систем и се должни наплатените надоместоци еднаш месечно да ги уплаќаат на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со извршениот увид во деловните книги на ЈП Водовод и канализација Скопје, на крајот на 2021 година, искажани се обврски спрема Буџетот на Република Северна Македонија, од повеќе години наназад, во вкупен износ од 185.543 илјади денари[2]. Поголем дел од нив (87%) во износ од 161.597 илјади денари се обврски по основ на надоместок за користење на води, додека останатите обврски (13%) во износ од 23.946 илјади денари се за надоместок за испуштање во води (подетално прикажано во Прилог број 1). Непреземањето мерки за плаќање на утврдените обврски не е во согласност со Законот за водите и има за последица помалку наплатени приходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со ревизијата констатиравме дека варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води како обврска не е утврдена во дозволите за испуштање во

---

[1] Законот за водите (Службен весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)

[2] На крајот на 2022 година обврските изнесуваат 208.929 илјади денари, при што 180.637 илјади денари се обврски по основ на надоместок за користење на води, додека останатите 28.292 илјади денари се за надоместок за испуштање во води.

води и истата не се пресметува, поради недонесен подзаконскиот акт од страна на Владата (подетално образложено во точка 7.1.).

Наведените состојби се констатирани и од страна на овластениот државен ревизор со извршената ревизија на успешност на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право“ и ревизијата на следење на препораките по издадениот Конечен извештај на таа тема, спроведени согласно Годишните програми на Државен завод за ревизија за 2018 и 2020 година. При тоа констатиравме дека, по дадените препораки во ревизорските извештаи, состојбата во однос на плаќање на обврските по надоместоците за користење на вода и за испуштање во води била променета. На Графикон број 1, прикажани се преземените активности во однос на плаќањата на обврските изразени во илјади денари.

Графикон број 1 – Наплатени надоместоци за користење на вода и за испуштање во води од ЈП Водовод и канализација Скопје и платени тековни обврски во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 2017 – 2022 година изразени во илјади денари.




Во периодот од 2017 до октомври 2019 година немало уплата на надоместоци во Буџетот на Република Северна Македонија, додека во 2020 и 2021 година тековните обврски биле целосно подмирени, но не и оние од претходните години. Обврските продолжиле да се плаќаат и во 2022 година заклучно со обврската за месец февруари 2022 година, по што ЈП повторно престанува да ги подмирува обврските спрема Буџетот на Република Северна Македонија.

## Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да преземат активности за продолжување со активностите за плаќање на заостанатиот долг кон Буџетот

на Република Северна Македонија, како и редовна месечна уплата на надоместоците за користење вода и испуштање во води.

4.1.2. Согласно член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, од 2004 година пропишана е обврска за јавните комунални претпријатија да склучуваат договори со корисниците за услугите кои ги вршат. Согласно член 48 од Законот, наведените договори за регулирање на меѓусебните права и обврски, давателот и корисниците на услугите биле должни да ги склучат во рок од една година од денот на влегување во сила на законот, односно најдоцна до октомври 2005 година. Со извршениот увид во склучените договори утврдивме дека од вкупно 295.750 корисници, до денот на известување за ревизијата ЈП Водовод и канализација Скопје нема склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски со 30% од корисниците на услугите (89.634 корисници). Најголемиот дел од корисниците со кои не е склучен договор 97% се од категорија домаќинство, додека 3% се од категорија стопанство. Оваа состојба била констатирана од страна на овластениот државен ревизор и со извршената ревизија на регуларност кај ЈП за 2011 година.

Непочитување на законските одредби и недефинирање на должничко доверителски односи може да предизвика отежната наплата на извршените услуги и да претставува тешкотија за непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.

ЈП Водовод и канализација Скопје и во текот на извршување на ревизијата продолжи со активностите за склучување на договори со корисниците на услугите, но оваа активност сè уште не е целосно завршена.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување во ЈП Водовод и канализација Скопје да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со сите корисници на услугите.

4.1.3. Со член 23-а од Законот за јавните претпријатија, регулирана е обврската на директорот на ЈП на секои шест месеци да изготвува и доставува извештај за работата на претпријатието до Управниот одбор и градоначалникот на Град Скопје. Оваа активност истовремено е пропишана и со одредбите од склучениот договорот за уредување на односите меѓу ЈП и правата, одговорностите и овластувањата на директорот.

Со извршениот увид во доставената документацијата која се однесува на обврската за известување, констатиравме дека во текот на 2021 година, од

страна на раководниот орган не е изготвен шест месечен извештај за работата на ЈП, поради што не е обезбедено транспарентно објавување на податоците за видот и обемот на вршење на дејноста, како и за финансиско работење на претпријатието. Ненавремено обезбедените информации од страна на директорот влијаат врз донесувањето одлуки за идните активности и насоки за развој и работење на ЈП од страна на органот на управување и неговиот основач.

Препорака

Директорот на ЈП, по истекот на секои шест месеци од годината да изготвува извештај за работата на ЈП и истиот да го доставува до Управниот одбор и до градоначалникот на Град Скопје.

4.1.4. Со член 37 од ЗЈП[3] и членовите 14 и 15 од Закон за вработените во јавниот сектор[4] уредена е положбата, класификацијата и категориите на вработените и работните места во јавните претпријатија. Согласно наведените закони во ЈП Водовод и канализација Скопје вработените имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Со извршениот увид во документацијата за нови вработувања, спроведени во текот на 2021 година, за сите три категории вработени, констатиравме дека согласно Годишниот план за вработување[5], вработени се вкупно 83 лица, за кои во 2021 година исплатени се бруто плати во износ од 19.496 илјади денари и тоа:

| категорија на вработен | број на ново вработени | бруто плата во 000 |
|---|---|---|
| административен службеник | 5 | 1.122 |
| давател на јавна услуга | 61 | 14.857 |
| помошно техничко лице | 17 | 3.517 |
| вкупно | 83 | 19.496 |

Со ревизијата утврдивме дека во постапките за пополнување на работните места – даватели на јавни услуги не е обезбедено известување за обезбедени

[3] Закон за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02,......64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22)

[4] Закон за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 302/20)

[5]Годишен план за вработување бр. 0303-6823/1 од 27.08.2020 година и План за изменување и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година бр. 0302-2133/8 од12.04.2021 и бр. 0302-6196/1 од 06.07.2021

финансиски средства од градоначалникот на Град Скопје, како што е пропишано со член 37 – е став 4 од ЗЈП. Исто така, за пополнување на работното место на административен службеник не е обезбедено претходно известување за обезбедени финансиски средства од Совет на Град Скопје, кој е надлежен орган за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места во институцијата, што не е во согласност со член 5 точка 7 и член 30 став 5 од Закон за административни службеници[6]. Пополнување на работните места без целосно обезбедена документација влијае на транспарентноста на постапката и сигурноста при обезбедување на финансиски средства за нивно ангажирање.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување во ЈП Водовод и канализација Скопје секое ново вработување да го спроведуваат по претходно известување за обезбедени финансиски средства од надлежен орган за соодветната категорија вработени.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. ЈП Водовод и канализација – Скопје е основано во октомври 1992 година, со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец[7] во повеќе посебни претпријатија, по што со решение[8] извршено е негово регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, без определување на износот на основачкиот влог од страна на основачот. Со последователните статусни промени, ЈП Водовод и канализација – Скопје согласно донесени решенија[9] заведено е во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1 и извршено е негово усогласување со ЗЈП, при што вредноста на основачкиот влог не е наведена во уписот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија. Според одговорните лица во претпријатието, неизвршената проценка на капиталот односно неутврдената пазарна вредност на имотот на претпријатието е посочена како причина за неизвршениот упис. Оваа состојба, истовремено предизвикува неусогласеност на трговскиот регистар со искажаниот податок за основната главнина во трговските книги на

---

[6]Закон за административни службеници „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22.

[7] Одлука број 02-8800/7 од 08.10.1992 година

[8] Решение број 16602/92 од 29.12.1992 година

[9] Решение од Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1 - П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и Решение бр. 6432/99 од 15.10.2001 година

претпријатието, кој на крајот на 2021 година изнесува 1.972.180 илјади денари. Констатираната неусогласеност била утврдена од страна на овластениот државен ревизор и со извршената ревизија на регуларност кај ЈП за 2011 година.

Наведената состојба не е во согласност со член 4-б од ЗЈП и член 298 од ЗТД[10] со кои меѓу другото е регулирано дека износот на основната главнина се запишува во трговскиот регистар. Истовремено, наведената состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од ЗТД со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што не овозможува потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот податок за основната главнина во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат активности за:

- проценување на средствата со кои располага ЈП од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на основната главнина и
- евидентирање на основната главнина како основачкиот влог во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

4.2.2. Согласно одредбите од ЗТД, ЈП Водовод и канализација Скопје има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот донесена е Одлука[11] и Решение[12] со кое е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршениот попис Централната пописна комисија изготвила Извештај[13] за извршениот попис на вкупниот имот на ЈП Водовод и канализација Скопје со состојба на ден 31.12.2021 година, усвоен со Одлука на УО[14]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се наведените

[10] Закон за трговските друштва – Службен весник на Република Македонија број 28/04,.......,239/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 290/20, 215/21 и 99/22

[11] Одлука за извршување на редовен попис бр.0202-9791/4 од 11.11.2021 година

[12] Решение за формирање на пописни комисии и именување на членови во истите бр.0302-10457/1 од 07.12.2021 година

[13] Извештај на Централната пописна комисија за извршениот попис на вкупниот имот на ЈП Водовод и канализација Скопје со состојба на ден 31.12.2021 година бр. 0302-102/19 од 07.02.2022 година

[14] Одлука бр.0202-1045/3 од 09.02.2022 година од УО за усвојување на Извештајот на Централната комисија за извршениот попис на вкупниот имот на ЈП Водовод и канализација Скопје со состојба на ден 31.12.2021 година

состојби:

- пописните комисии за извршување на пописот немаат изработено план за работа, што не е во согласност со член 10 став 1 од Правилникот;
- пописни листи за утврдена фактичка состојба се изготвени за нематеријалните и материјалните средства, залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар. За останатите средства и обврски, во Извештајот на централната пописна комисија, искажани се состојби по аналитички сметки кои произлегуваат од сметководствена евиденција без да се достават пописни листи за утврдена фактичка состојба од поединечните пописни комисии. Поради тоа, констатиравме дека на дел од средствата и обврските не е направено усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба како што е уредено со член 3 и 4 од Правилникот;
- пописните листи се составени според локацијата и лицата кои се задолжени со средствата, а не според аналитичките сметки, а во нив се утврдени фактичките количини. Вредносни показатели поединечно по средства има во посебни листи само за залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар, но не и за нематеријални и материјални средства што не е во согласност со член 10 став 4 и став 5 од Правилникот;
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е согласно член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично не се попишани на посебни пописни листи, а расходот е прикажан на самите пописни листи заедно со останатите средства што не е во согласност со член 10 став 10 од Правилникот;
- за побарувањата, обврските, активните и пасивните временски разграничувања дадени се прегледи по аналитички сметки во кои се прикажани сметководствените состојби. При тоа, пописната комисија не извршила усогласување на нивната сметководствена со фактичка состојба преку утврдување на тоа дали истите во наредниот период ќе доведат до одлив/прилив на парични средства или на други економски користи, како што е пропишано со член 13 став 2 алинеи 5 и 6 од Правилникот;
- при попис на заемот и кредитот (долгорочните и краткорочните финансиски обврски), пописната комисија нема побарано писмена потврда од кредиторот за потврдување на салдото, како што е уредено со член 7 став 1 точка 2 од Правилникот.
- поединечните пописните комисии не изготвуваат извештаи врз основа на кои Централната пописна комисија требало да го изготви Извештај за извршениот попис што е спротивно на член 11 од Правилникот, член 5 и 6 од Решението за формирање на пописни комисии и именување на членови во

истите и член 3 од Одлуката за извршување на редовен попис;

- Извештајот од Централната пописна комисија содржи рекапитулари на средствата кои треба да се расходуваат и средствата кои се кусоци изготвени врз основа на предлози за расход и кусок потпишани од раководителите на сектори, но не и од пописните комисии. Истите не ги содржат податоците за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од Правилникот;

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од ЗТД и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки:

- пописни комисии пред започнување на пописните активности да изготват план за работа;
- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и вредностите поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично да се попишат на посебни пописни листи;
- обезбедување писмена потврда за салдото на обврските спрема кредиторот, како и утврдување на можноста од наплата на побарувањата и застареност на обврските и
- извештаите од Централната пописна комисија и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот;

4.2.3. УО со донесување на Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на вкупниот имот на ЈП Водовод и канализација Скопје со состојба на ден 31.12.2021 година, го прифатил предлогот на централната пописна комисија за расход на постојани средства, со набавна вредност од 31.066 илјади денари и

сегашна вредност од 727 илјади денари, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа УО на ЈП, донел Решение за формирање на Комисија за проценка и продажба на отпишани средства[15], чија цел била целосно расчистување на утврдениот расход по пат на продажба, размена, преработка, рециклирање или уништување како отпад и дал насоки расходуваните средства да се отстранат од сметководствената евиденција.

Со извршената ревизијата констатиравме дека, не се преземени натамошни мерки за постапување по одлуката на УО за физичко отстранување на расходуваните средства со спроведување на постапка за нивно отуѓување или уништување, а истите биле отстранети од сметководствената евиденција. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 11 од Уредбата[16] според која средствата кои во целост се отпишани остануваат во евиденцијата и се искажуваат во билансот на состојба до моментот на нивното продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување и истото има влијание на реално и објективно искажување на податоците за постојаните средства во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година.

Препорака

За движните ствари за кои при вршењето на пописот на средствата е утврдено дека се дотраени, неупотребливи, неисправни или застарени, поради што не се користат, но и за истите сѐ уште не се преземени активности за продажба, размена, преработка, рециклирање или уништување како отпад, повторно да се евидентираат во деловните книги на претпријатието се до нивното физичко отстранување.

4.2.4. Земјиштата и градежните објекти, со проценета сегашна вредност од 2.408.191 илјади денари, претставуваат 83% од вкупните материјални средства со кои располага друштвото. Со извршениот увид во материјалната и сметководствената евиденција и прилог документација ги утврдивме следниве состојби:

- евидентирано е земјиште со вредност од 23.190 илјади денари, состојба која потекнува од минати години, а за која нема прилог поткрепувачка документација и обезбедени имотни листови. Отсуството на детални и точни податоци за земјиштето во сметководствена и материјалната

[15] Решение за формирање на комисија за проценка и продажба на отпишани средства бр.0202-1045/6 од 09.02.2022 година

[16] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства - Службен весник на Република Северна Македонија број 277/19

евиденција не овозможува да се потврди видот, површина и сопственост на земјиштето;

- градежни објекти се проценети на износ од 2.385.001 илјади денари, од кои 70% (1.680.102 илјади денари) претставуваат линиски инфраструктурни објекти (водоводната, фекална и атмосферска канализациона мрежа). Со цел легализација на линиските инфраструктурни објекти кои ЈП ги користи за вршење на својата дејност, почнувајќи од 2017 година, до АКН поднесени се 133 пријави со геодетски елаборати[17] за евидентирање на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа во катастарот на инфраструктурни објекти. Линиските инфраструктурни објекти се евидентирани во евидентен лист во катастар на инфраструктурни објекти од страна на АКН согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти[18] и Закон за катастар за недвижности[19]. Отсуството на детални и точни податоци за водоводната, фекална и атмосферска канализациона мрежа во материјалната евиденција на постојаните средства, не овозможува нивно поврзување со евидентните листови, поради што не може да се потврди нивната комплетност, должина и сопственост.

  За останатите градежни објекти[20] со вредност од 704.899 илјади денари констатиравме дека, за 75% од нив ЈП поседува имотни листови со кои се докажува запишано право на сопственост и истите се евидентирани во сметководствена евиденција на претпријатието, а кај 14% земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и во тек се постапки за легализација. Останатите 11% (77.539 илјади денари) претставуваат градежни објекти за кои не се поднесени барања за легализација;
- во материјалната и сметководствената евиденција на ЈП Водовод и канализација Скопје нема евидентирано 14 објекти[21] од кои 8 се резервоари, пунктови водовод, ПСОВ во Волково, бунар, барака[22] и пумпна

[17] Договор бр.0507-149/33 од 28.10.2016 година

[18] Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен Весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 174/21)

[19] Закон за катастар за недвижности (Службен Весник на Република Македонија број 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18, 124/19)

[20] Административна зграда, пумпни станици, брани, објекти на водовод, канализација, механизација, ЕОК, ДИЦ, монтажни згради од метал и од дрво

[21] ПСОВ Волково, Пумпна станица Шуто Оризари (нов објект), Бунари Драчево, Пункт водовод Автокоманда и Автокоманда канцеларија, Барака ул. Петар Чајковски и Резервоари: Радишани ниска зона НОВ, Сопиште стар, Аквадукт, викенд населба Моране, Студеничани, Порупи, Кучевишка бара и Усје

[22] За бараката има Имотен лист бр.4976 КО Ѓорче Петров 4-Влае

станица. Дел од објектите се инвестирани од правни субјекти (Град Скопје, општини, министерства), истите ЈП ги користи, но поради недостаток на поткрепувачка документација (склучени договори за уредување на меѓусебните односи во врска со преземањето на средствата, завршни ситуации, технички преглед, записници за примопредавање) за утврдување на вредноста на средствата и нивно примопредавање не се евидентирани во сметководствената евиденција и за нив не се пресметува амортизација;

- изградбата на ПСОВ во населено место Волково, општина Ѓорче Петров е инвестирана од МЖСПП, а како соинвеститори се вклучени Град Скопје, Општина Ѓорче Петров и ЈП Водовод и канализација Скопје[23]. Реализација на проектот започнала во 2009 година, а целосно е завршена и извршен е технички преглед на објектот согласно Извештајот за извршен технички преглед[24] во 2015 година. Во август 2019 година потпишан е Протокол[25] за примопредавање на пречистителна станица за отпадни води со кој ЈП Водовод и канализација Скопје ги презема правата и обврските во однос на понатамошното користење и управување. МЖСПП по доставено Барање[26] во февруари 2020 година од ЈП Водовод и канализација Скопје има издадено дозвола за испуштање во водите за пречистителна станица за отпадни води во Волково. ПСОВ Волково се користи, но истата не е евидентирана во сметководствената и материјалната евиденција и не е пресметана амортизација од денот на нејзино ставање во употреба. По укажување на АКН, постапката за упис на ПСОВ Волково треба да ја направи МЖСПП, како инвеститор на кого Општина Ѓорче Петров му има издадено одобрението за градба[27], со што ПСОВ ќе биде запишана како сопственост на Република Северна Македонија, а потоа со Одлука на Влада би била предадена на ЈП Водовод и канализација Скопје на користење;
- во сметководствената и материјалната евиденција на градежни објекти има евидентирано недвижност (стан) во Скопје и одморалиште во Улцињ

[23] Согласно договор за кофинансирање бр.0307-10335/1 од 24.10.2013 година во изградбата учествуваат: МЖСПП со 206.972 илјади денари, Град Скопје со 30.000 илјади денари, ЈП Водовод и канализација Скопје со 20.000 илјади денари и Општина Ѓорче Петров со 10.000 илјади денари
[24] Извештај од надзорен инженер за извршен технички преглед на објектот Пречистителна станица за отпадни води-Волково од 01.12.2015 година
[25] Протокол за примопредавање на пречистителна станица за отпадни води во населено место Волково, општина Ѓорче Петров бр.0302-11620/2 од 26.08.2019 година, помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање како набавувач (нарачател) и ЈП Водовод и канализација како надлежен за управување со објектот
[26] Барање бр.УП1-11/5-184/2020 од 07.02.2020 година од ЈП Водовод и канализација Скопје
[27] Одобрението за градба УП број 21-1403 од 19.10.2010 година

кои не се во владение на ЈП Водовод и канализација Скопје. Како сопственик на недвижност (стан) добиен со поделба на ЈП Комуналец Скопје, евидентиран во имотен лист[28], се води судска постапка за поврат на станот (постапка за иселување на бесправно вселено лице) чија проценета вредност е 3.395 илјади денари. За одморалиштето во Улцињ со набавна вредност во износ од 1.620 илјади денари претпријатието не располага со документација за докажување на сопственичкиот статус и правото на управување со недвижноста.

Ненавременото преземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на сопственост на земјиштето и градежните објекти е спротивно на член 142 и 156 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на ЈП врз истите. Истовремено овие состојби не се во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.
Овие состојби влијаат на реално и објективно искажување на податоците за постојаните средства во финансиските извештаи за 2021 година. Истовремено истакнуваме дека овие состојби влијаат на висината на тарифа за водна услуга, која се формира согласно Методологијата за определување на тарифите за водна услуга[29] и одобрена од страна на РКЕ врз основа на официјални податоци од сметководствена евиденција и финансиски извештаи доставени од ЈП Водовод и канализација Скопје. Имено, вредноста на искажаните постојани средства освен земјиштето, согласно Упатството[30] и Методологијата, влијае на параметрите при формирањето на цената на тарифите за водните услуги, преку вредноста на амортизацијата на регулираните основни средства, приносот на регулираните средства и просечната вредност на средства со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства).

## Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- утврдување на правниот статус за земјиштето и оние градежни објекти кои истиот го немаат определено и нивно запишување во АКН;

[28] Имотен лист бр.84159 КП 1623 КО Ѓорче Петров 5-Лепенец
[29] Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (Службен весник на Република Македонија број 63/17)
[30] Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и критериумите за оцена бр. 01-1421/1 од 21.08.2017 година

- точно и целосно сметководствено евидентирање на средствата кои се водат во материјалната евиденција на ЈП и нивно усогласување со податоците од имотните и евидентните листови и
- обезбедување на целосни, уредни и веродостојни документи за објектите кои не се евидентирани во материјална и сметководствена евиденција на претпријатието, по што ќе се изврши нивно соодветно евидентирање.

4.2.5. Со извршениот увид во деловните книги на ЈП Водовод и канализација Скопје констатиравме дека нематеријалните и материјалните средства во подготовка со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат 366.457 илјади денари и истите се однесуваат на започнати, но недовршени инвестициски вложувања на ЈП Водовод и канализација Скопје. Со ревизијата ги утврдивме следниве состојби:

- Нематеријални средства во подготовка изнесуваат 34.179 илјади денари и истите се однесуваат на проекти во кои е инвестирано во периодот од 2012 до 2020 година и тоа:
  - во период од 2012 до 2016 година, инвестирани се 9.900 илјади денари во надградба на софтверска апликација со повеќе модули и нејзино одржување, која иако е користена до 2017 година, истата никогаш не била ставена во употреба и призната како нематеријално средство;
  - во 2017 година инвестирани се средства во износ од 20.580 илјади денари за набавка на софтвер за интеграција на систем за финансов менаџмент, а во 2020 година извршено е негово адаптивно одржување во износ од 3.699 илјади денари. Иако средството се користи од 2017 година, истото е активирано во мај 2022 година, по доставен финален записник за успешна имплементација и изработка на софтверот[31].
- Материјални средства во подготовка изнесуваат вкупно 332.278 илјади денари и претставуваат состојба која потекнува од минати години, а се однесува на проекти за изведба и реконструкција на водоводни мрежи и атмосферски и фекални канализации и изработка на геодетски елаборати и основни проекти и нивна ревизија. Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:
  - во период од 2006 година до 2018 година направени се инвестициски вложувања во износ од 175.379 илјади денари, при што 84% од нив или 147.944 илјади денари иако се користат, не се соодветно признати како недвижности. Во 2022 година дел од овие материјални средства во подготовка во износ од 31.657 илјади денари се активирани.

[31] Финален записник за успешна имплементација и изработка на софтвер за интеграција на систем за финансов менаџмент бр.0302-4513/1 од 04.05.2022 година

- материјалните средства во подготовка[32] во износ од 97.224 илјади денари, каде инвеститори се општини и министерства[33], претставуваат составни делови од завршени градби или веќе реализирани инфраструктурни објекти кои се користат, не се евидентирани во сметководствената евиденција како недвижности. Причина за оваа состојба е недостаток на договори за уредување на меѓусебните односи во врска со преземањето на средствата и записници за примопредавање за да се утврди вредноста на средствата.

Наведените состојби укажуваат на несоодветно и ненавремено воспоставена сметководствена евиденција на нематеријалните и материјалните средства во подготовка, при што истите не претставуваат признаени постојани средства. Овие средства генерираат приход, без притоа да бидат признаени соодветни расходи, односно за нив не е пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2021 година. Утврдените состојби не се во согласност со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва, со кој е предвидено дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат навремени, ажурирани и хронолошки, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството во однос на признавањето на средствата точки од 21 до 24 од МСС – 38 Нематеријални средства и точки 7 и 10 од МСС 16 – Недвижности постројки и опрема, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба и расходите во билансот на успех на ден 31 декември 2021 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба на нематеријалните и материјалните средства во подготовка, нивно реално, објективно и навремено евидентирање во деловните книги согласно законската регулатива.

4.2.6. Со извршениот увид во деловните книги и направените анализи на залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар со кои располага ЈП и кои на крајот на 2021 година изнесуваат 377.264 илјади денари, утврдивме дека:

- Постои тренд на зголемување (по број на артикли и вредност) на залихата на одредени артикли суровини, материјали и резервни делови, чија

[32] Проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води Волково, Изградба на водоводна мрежа (нов резервоар, пумпна станица, нов потисен цевковод Шуто-Оризари), Изградба на фекална канализација во Припор и Сопиште, Елаборат атмосферска канализација дел бул. Никола Карев од Бит Пазар до постоечки колектор 700/1225mm, Ревизија на Основен проект за водоснабдување на дел од индустриска зона Визбегово

[33] Град Скопје, Општина Бутел, Општина Шуто Оризари, МТВ, МЖСПП

набавка започнала во 2017 година, во континуитет продолжила секоја наредна година, иако истите не биле издадени во употреба до денот на вршење на ревизијата (состојбата по сметки на залиха подетално е прикажана во Прилог бр.2). Поради тоа, во периодот од 2017 до 2021 година, залихата на овие артикли кај суровините и материјалите се зголемила за 51%, додека кај резервните делови за 25%. Истовремено нивното учеството во вкупните залихи на суровини и материјали од 10% во 2017 година се зголемило на 16% во 2021 година, додека учеството во вкупните залихи на резервни делови од 20% се зголемило на 25%.

Имајќи во предвид дека за овие залихи е изминат период од неколку години, констатиравме дека на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценета продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира пописката од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството МСС 2 точките 6 и 9, точка 26 од пропишаните Сметководствени политики на ЈП Водовод и канализација Скопје и сметководствениот концепт на претпазливост од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Неспроведено вредносно усогласување на залихите може да влијае на реалното и објективно прикажување на состојбата на залихите во финансискиот извештај Билансот на состојба, на расходите во периодот кога се случило намалувањето на нивната вредност, како и на остварениот резултат од работењето.

- При управување со залихите, не се одредуваат минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали и резервни делови што може да влијае на континуитетот во давањето на услугите или на непотребно ангажирање на средства во набавка на прекумерни залихи кои може да застарат или да изгубат од квалитетот. Несоодветното планирање и управување со залихите не е во согласност со стандардот 10 – „Следење на извршувањето“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, со кој е пропишано дека субјектот од јавниот сектор за секоја активност треба да обезбеди следење на извршувањето преку релевантни индикатори вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на економичноста, ефикасноста и ефективноста. Отсуството на соодветно планирање и координација на активностите при набавка и издавање на залихи, предизвикува нерационално трошење на средствата на друштвото и влијае врз неговата ликвидност.

## Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и

активности за:

- утврдување и планирање на фактичката потреба од залихи на суровини, материјали и резервни делови и
- утврдување на вредноста на залихите по нивното почетно признавање на крајот на деловната година и прикажување на вредноста на залихите во финансиските извештаи според нивната усогласена вредност.

4.2.7. Во 2021 година евидентирани се трошоци во износ од 602.358 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈП Водовод и канализација Скопје имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Висината на платите за вработените кои имаат статус на административни службеници е уредена со Глава XIV од Законот за административни службеници, додека за лицата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица отсуствуваат законски одредби со кои би се уредил начинот на пресметување на платите. За овие категории на вработени согласно член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори. ЈП Водовод и канализација Скопје во октомври 2019 година донело Правилник[34] со кој се уредуваат прашања за плата, надоместоци на плата и други надоместоци и примања на вработените кои имаат статус на даватели на јавни услуги и други вработени кои вршат помошно технички работи и немаат статус на административни службеници и даватели на јавни услуги.

Со извршениот увид во склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените ревизијата ги утврди следните состојби:

- податоците за работен стаж во матичната евиденција за вработените не се ажурираат врз основа на добиени листи од ПИОМ, што предизвикува пресметка и исплата на додаток за минат труд во поголем износ од оствареното право и
- за вработените кои имаат статус на административни службеници не се применуваат утврдените бодови за пресметка на плата согласно член 87 од Законот за административни службеници. Со одредбите од овој закон, предвидено е дека платата на административни службеници е составена од основна компонента (дел на плата за образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) и исклучителна компонента (додаток за работа во смени,

[34] Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените бр. 0202-11947/4 од 05.09.2019.година и измени на Правилникот бр. 0202-13883/3 од 17.10.2019, бр. 0202-809/7 од 27.01.2020, бр. 0202-2157/8 од 26.02.2021 и 0202-6454/5 од 29.06.2022 година

прекувремена работа, работа во посебни услови, ноќна работа). Делот на платата кој се однесува на степен на образование и ниво на работно место треба да се вреднува согласно законски утврдените бодови. Во ЈП Водовод и канализација Скопје за оваа категорија на вработени платата се пресметува врз основа на бодови утврдени во Правилникот кои не соодветствуваат со одредбите од член 87 од Законот за административни службеници, поради што износот на пресметаните плати е повисок од законски утврдениот.

Наведените состојби укажуваат на несоодветна примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на административните службеници, што има влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:
- проверка на евиденцијата на податоци за работен стаж и нивно усогласување со добиените Прегледи на регистрирани податоци во матична евиденција од ПИОМ и
- доследно применување на законски утврдените бодови за пресметка на плата за административни службеници.

4.2.8. Во 2021 година исплатени се 5.561 илјади денари за надоместоци на вработени за отпремнина при заминување во пензија, јубилејни награди, новогодишен надоместок, регрес за годишен одмор, помош на вработени и други расходи чија исплата е пропишана со Колективен договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос во ЈП Водовод и канализација Скопје[35] и Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените.

Со извршениот увид во деловните книги и документите врз основа на кои се исплатени надоместоците ревизијата ги утврди следните состојби:
- Во 2021 година, врз основа на правосилни судски пресуди, претпријатието исплатило надомест за регрес за годишен одмор за период пред 2021 година во износ од 1.618 илјади денари. Поради несоодветно воспоставена сметководствена евиденција овие надоместоци се расход во тековната 2021 година, наместо истите да претставуваат признат расход во годината на која се однесува надоместокот. Исто така, за надоместоците за регрес за 2021

[35] Колективен договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос во ЈП Водовод и канализација Скопје бр. 0201-5789/3 од 24.04.2012 година и измени на Колективниот договор бр. 0202-4165/3 од 26.04.2020 и бр. 0302-6126/1 од 05.07.2021 година

година, кои се определени со Одлука[36] на УО, не се евидентирани расходи во тековната година, што не е во согласност со основната претпоставка која се однесува на користењето на пресметковна основа во сметководството, точка 22 од рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи составен дел на Правилникот за водење на сметководство. Имено, користењето на пресметковна основа во сметководството претпоставува признавање на ефектите од трансакциите/настаните кога истите се случуваат, односно за периодите за кои ефектите се однесуваат, а не во периодот кога се платени парични средства.

- По основ на остварено право на старосна пензија, исплатени се отпремнина при заминување во пензија во износ од 1.635 илјади денари, при што утврдивме дека истите не се пресметани и признати во финансиските извештаи како резервирања за правата на вработените за отпремнина во претходниот и за наредниот период, што претставува несоодветна примена на Правилникот за водење на сметководство МСС 19[37], кој пропишува дека стекнатото право на отпремнина треба да се вкалкулира во текот на работниот век (од вработување до дата на исплата), а не да биде на товар на трошоците во периодот кога ќе бидат исплатени.

Наведените состојби не се во согласност со член 469 од ЗТД согласно кој финансиските извештаи се водат согласно МСС, и влијаат врз реално и објективно прикажување на состојбата на обврските и расходите во деловните книги и финансиските извештаи и има влијание врз финансискиот резултат од работењето.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветен третман и евидентирање на бенефициите на вработените кои се исплаќаат во текот и по престанокот на работниот однос и нивно разграничување во периодот кога се случуваат трансакциите/ настаните.

4.2.9. ЈП Водовод и канализација Скопје снабдува со вода за пиење население од над 600.000 жители на Град Скопје за што користи вода од две изворишни подрачја Рашче 1 и Рашче 2 и од 7 бунари во бунарски подрачја Лепенец и Нерези. Зафаќањето се врши врз основа на Дозвола[38] и Решение[39] издадени од

[36] Одлука за исплата на регрес за користење на годишен одмор бр. 0202-10873/5 од 23.12.2021
[37] МСС 19 – Користи за вработените
[38] Дозвола за користење на вода бр. бр. 11-4914/7 од 02.01.2014
[39] Решение за продолжување на времетраење на дозволата УП1-11/5-929/2019

МЖСПП. Зафатената количина на вода на дневна основа е еднаква со произведената[40] вода која директно се дистрибуира во системот.



Производството на вода во 2021 година изнесува 102.261.748 m$^3$ и во однос на 2020 година бележи зголемување за 1.63% (100.619.832 m$^3$).

Приходуваната/фактурирана вода во 2021 година изнесува 40.602.024 m$^3$ што претставува зголемување од 2.66% во однос на 2020 година (39.550.217 m$^3$).

На следниот графикон прикажана е количината на произведена и приходувана вода во текот на 2021 година изразена во илјади денари:

Графикон бр. 2–Преглед на произведена и приходувана вода во m$^3$ во 2021 година




При увид во состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на произведената вода значително отстапува од количината на приходуваната вода односно околу 60% од вкупната влезна количина на вода во водоснабдителните системи,

[40] Поради чистотата на зафатената вода ЈП Водовод и канализација Скопје не врши нејзино пречистување, па количината на сирова зафатена вода е иста со испорачаната односно произведената количина на вода.

изразена во $m^3$ е неприходувана[41]. Регистрираните загуби на вода во водоснабдителниот систем, генерално се делат на технички, комерцијални и загуби предизвикани од комунална потрошувачка.

На следниот графикон прикажано е движењето на произведена, приходувана и неприходувана вода во период од 2008 – 2022 година:

Графикон бр. 3 – Движење на произведена, приходувана и неприходувана вода




во период 2008 - 2022 година[42]

Од графичкиот приказ може да се забележи дека во анализираниот период незначително се менува количината на произведена вода и истата зависи од бројот на корисници и територијата на која се врши водоснабдувањето. Истакнуваме дека во континуитет, подолг временски период постои значителна разлика меѓу произведената и приходуваната вода, односно загубите на вода и натаму се големи.

Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку наведените активности

[41] Врз основа на најновата дефиниција препорачана од IWA (International Water Association), за загуба на вода се смета онаа количина на вода која не е фактурирана (анг. Non-Revenue Water, NRW). Затоа, во поново време во литературата наместо „загуби на вода" се користи терминот „неприходувана вода".
[42] Информација е добиена од Сектор за експлоатација и одржување на капацитети на ЈП Водовод и канализација Скопје

влијае на помалку остварени приходи на ЈП, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија. Истовремено оваа состојба не е во согласност со Стратегијата[43] која предвидува дека “оптималното ниво на неприходувана вода кон кое треба да се стреми ЈП Водовод и канализација Скопје изнесува приближно 30%, и истиот треба да се достигне до 2025 година преку имплементирање на мерките за редукција на загубите на вода”.
Во врска со констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед каде е прикажан процентот на неприходувана вода на годишно ниво за период од 2017 до 2022 година.

Графикон бр. 4 – Процент на неприходувана вода во период 2017 - 2022 година




Во период од 2017 до 2022 година процентот на неприходувана вода бележи циклично намалување и зголемување, но сепак се движи околу 60% што е двојно повисоко од нејзиното оптимално ниво.

Надлежните лица во ЈП Водовод и канализација Скопје како клучни активности кои треба да се преземат за постигнување активна контрола на загубите ги наведуваат:

- доизградба на магистрална и секундарна дистрибутивна мрежа за водоснабдување;
- детекција на потребата за реконструкција (замена) на мрежи, кои се физички дотраени (чести дефекти);
- воспоставување на систем за континуиран мониторинг на хидраулични параметри во мрежата;
- кампањски проекти за детална анализа на одделни зони во кои се детектирани проблеми;

[43]“Стратегија за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем на Град Скопје” разгледувана и усвоена во септември 2018 година на стручниот колегиум на ЈП Водовод и канализација Скопје

- замена на водомери, како мерка за намалување на комерцијални загуби;
- стабилизација и одржување на работниот притисок во системот на минимално дозволено ниво и
- инсталација на реонски мерачи на проток и притисок за мерење, следење и анализа на потрошувачката на вода на ниво на цел систем со цел детекција на загуби од диви приклучоци и дефекти.

Препорака

Надлежните лица на ЈП Водовод и канализација Скопје да преземат мерки и активности за минимизирање/отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем преку реализирање на мерките за постигнување на активна контрола во согласност со Стратегијата за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем на Град Скопје.

## 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

4.3.1. Годишниот план за ЈН во ЈП Водовод и канализација Скопје го изработува Одделението за јавни набавки, врз основа на добиените податоци за потребни набавки од надлежните сектори. Изработениот годишен план се доставува на усвојување до УО по што во законскиот рок се објавува на ЕСЈН. Со извршената ревизија констатиравме дека присутна е појава на често поништување на објавените постапки за ЈН, особено во 2021 година. Имено, од вкупно објавени 174 огласи во 2021 година, поништени се 51 постапка односно 29% од објавените огласи.

Согласно добиените податоци причините за поништување на постапките за јавни набавки во 2020 и 2021 година подетално се прикажани во Табела број 1:

Табела број 1 – Преглед за поништени постапки за јавни набавки во 2020 и 2021 година

| Опис | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| **Број на планирани набавки согласно ГП за ЈН** | 232 | 239 |
| **Објавени огласи** | 160 | 174 |
| **Вкупно поништени постапки** | 29[44] | 51[45] |
| „не поднесена ниту една прифатлива понуда“ | 19 | 38 |
| „битни пропусти/недостатоци во тендерска документација“ | 8 | 9 |
| „поништена од Државна комисија за жалби“ | 1 | 2 |
| „непредвидени промени во буџетот на договорниот орган“ | 1 | 1 |
| „понудените цени и услови се понеповолни од реалните на пазарот“ | - | 1 |
| **Процент на поништени постапки** | 18% | 29% |

[44] Во 11 (единаесет) постапки за ЈН е поништен само дел/ови
[45] Во 23 (дваесет и три) постапки за ЈН поништен е само дел/ови

Честото поништувањето на постапките за ЈН влијае на навремено обезбедување на стоки, услуги и работи што претставува ризик за работењето на ЈП Водовод и канализација Скопје.

Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2019, 2020 и 2021 година, а по кои се преземени обврски во 2021 година, ревизијата опфати 19 (деветнаесет) постапки, односно од вкупно 966.816 илјади денари преземени обврски опфатени се 445.732 илјади денари што претставува 46% од вкупната вредност на преземените обврски по договори за ЈН. Од увидот во приложената документација за спроведените постапки констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на ЗЈН и тоа:

- во сите 19 постапки за доделување договор за јавна набавка обезбедените гаранции за квалитетно извршување на договорот се утврдени на износ на вредноста на склучениот договор без ДДВ што не е во согласност со член 102 од ЗЈН во кој е предвидено дека истите се определуваат на вкупната вредност на склучениот договор;
- во спроведената постапка за јавна набавка на услуги за одржување на фонтани, склучен е договор во износ од 21.240 илјади денари со ДДВ[46] којшто е целосно реализиран. Ревизијата утврди дека во тендерската документација за докажување на способноста за вршење на професионална дејност побарано е од економските оператори да поседуваат лиценца Б за изведување. Овој критериум не е пропорционален и директно поврзан со предметот на договорот за јавна набавка, од причина што наведената лиценца согласно Законот за градење е потребна за изведување/градење на градби или дел од градби од втора категорија, а во конкретниот случај предмет на набавка се услуги за одржување, на фонтани кои вклучуваат чистење и перење на филтри, чистење на корито на фонтана, ставање и собирање на зимска прекривка на фонтани, употреба на средства/таблети за регулирање на квалитет на вода и слично. Наведената состојба не е во согласност со член 89 од ЗЈН во кој е предвидено дека условите за утврдување на способност на економските оператори треба да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност;
- утврдивме дека во 2 (две) постапки за набавка на систем за автоматско управување со фреквентни регулатори и софт-стартери спроведени во 2020

[46] Вредност на договорот без ДДВ е 18.000 илјади денари.

и 2021 година во вкупен износ од 39.981 илјади денари[47] за докажување на економска и финансиска состојба од економските оператори побарано е да доставaт доказ за минимален годишен обрт на средства (вкупни приходи) за последните три финансиски години во износ двојно повеќе од проценетата вредност на набавката. Наведените состојби не се во согласност со член 91 став 3 од ЗЈН во кој е предвидено дека договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката.

- во 2021 година спроведена е постапка за набавка на услуга за одржување на систем за управување со печатење, уреди и тонери при што склучен е договор во износ од 3.716 илјади денари со ДДВ којшто е целосно реализиран[48]. Согласно тендерската документација предметот на набавка е оформен како неделив и опфаќа ставки кои се меѓусебно независни и не се од ист вид. Имено, согласно техничката спецификација, предметот на набавка се однесува на:
  - изнајмување на опрема[49] (8 мултифункциски матрични печатачи и 1 печатач за ИД картички) за печатење, копирање и скенирање за период од 12 месеци со вклучено одржување која по истекот на овој рок останува во сопственост на ЈП Водовод и канализација-Скопје и
  - набавка на нови и надградба на постоечки софтверски лиценци (RPS for Uniflow Cluster License EE, SA for Uniflow support anual, Upgrade Uf2020LTS to EE Uniflow 2021, Datacard TruCredential ID Card SW).

  Вака оформениот предмет на набавка е нејасен, непрецизен и не е во согласност со член 78 став 1 и став 6 како и член 82 став 1 од ЗЈН во кои е предвидено дека предметот на набавка треба да биде оформен на јасен и недвосмислен начин во еден или повеќе делови дефинирани врз основа објективни критериуми (вид, својства, намена и слично).

Горенаведените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од ЗЈН, влијаат на обезбедување на конкуренција, еднаков третман на сите економски оператори учесници во спроведените постапки, како и на

[47] Вредноста на склучениот договорот во 2020 година е 16.401 илјада денари (со вклучено ДДВ) или 13.899 илјади денари (без вклучено ДДВ). Договорот е целосно реализиран. Вредноста на склучениот договорот во 2021 година е 23.580 илјади денари (со вклучено ДДВ) или 19.983 илјади денари (без вклучено ДДВ). Договорот е целосно реализиран.

[48] Вредноста на склучениот договор без ДДВ е 3.149 илјади денари.

[49] Согласно тендерската документација за изнајмување на опремата се плаќа во фиксниот месечен надоместок во кој се вклучени се 250.000 отпечатоци во црно ,20.000 отпечатоци во колор и 1200 мл потрошена боја. По надминување на предвидените количини предвидено е плаќање на надоместок по отпечатена страница.

рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со надлежните служби да преземат мерки и активности во тендерските документации предметот на набавка да биде оформен на јасен и недвосмислен начин, а дефинираните критериуми за докажување на способноста да бидат пропорционални и директно поврзани со предметот на договорот за јавна набавка овозможувајќи конкуренција и можност за пристап на малите и средни претпријатија во постапките за јавни набавки.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1., 4.2. и 4.3. се однесуваат на:

- неуплатен надоместок за користење на води и за испуштање во води во износ од 185.543 илјади денари на трезорска сметка во Буџетот на Република Северна Македонија;
- со 30% од корисниците на услуги на ЈП Водовод и канализација Скопје не се склучени договори;
- не е изготвен шест месечен извештај за работата на претпријатието;
- при вработување на нови вработени не се обезбедуваат известувања за обезбедени финансиски средства од надлежните органи;
- неизвршен упис на основачкиот влог на претпријатието во надлежниот регистар;
- нецелосно спроведен попис на средствата и обврските на крајот на годината;
- расходуваните средства по попис се отстранети од сметководствената евиденција, иако за истите не се преземени натамошни мерки за нивно отуѓување или уништување;
- утврдени неправилности за земјиштето и градежните објекти;
- несоодветно и ненавремено е воспоставена сметководствена евиденција на нематеријалните и материјалните средства во износ од 269.447 илјади денари;
- неизвршено вредносно усогласување на залихите на суровини, материјали и резервни делови, кои се набавени пред 2017 година;
- недоследности во начинот на пресметка на платата за административните службеници;
- не се врши соодветно разграничување на трошоците за регрес и отпремнина при пензионирање во вкупен износ од 3.253 илјади денари во период кога настанале;

- загуба на вода во системот за водоснабдување, која изнесува 60% од испорачаната вода во водоснабдителниот систем и
- недоследности во спроведувањето на одредбите на ЗЈН.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие Водовод и канализација Скопје на ден 31 декември 2021 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие Водовод и канализација Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Снабдувањето со вода за пиење, како и одведувањето на урбани отпадни води во реципиентот се дејности од јавен интерес. Согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, давателот на услугата е должен на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем. Вкупниот надоместок за крајните корисници на водата, согласно Законот за водите, го сочинуваат цената на услугата за користење и надоместокот за користење на водата. Цената на услугата за крајните корисници на водата ја сочинуваат трошоците на услугата за снабдување, трошоците за заштита на животната средина и трошоците за ресурсот, во согласност со начелото „корисникот плаќа". Цената на водата за пиење за крајните корисници се изразува во ден./$m^3$, а се определува врз основа на потрошена количина на вода за пиење од страна на корисниците на услугата и категории на корисници на услугата. За висината на надоместокот, давателот на услугите потребно е да обезбеди претходна согласност од основачот на претпријатието.

Давателот на водната услуга е должен од крајниот корисник на водната услуга да наплати цена за наведената услуга, според тарифа за водната услуга определена со решението, односно не смее да наплати цена за водна услуга од крајниот корисник која не е одобрена од страна на РКЕ. Тарифата на водната услуга се пресметува согласно Методологија за утврдување на тарифите на водна услуга, пропишана од РКЕ.

Од извршениот увид во документација и направената анализа на издадените решенија од РКЕ, донесени одлуки од страна на Управниот одбор и дадените согласности од Советот на Град Скопје и извршениот увид во деловните книги на претпријатието сметаме за потребно да обелодениме дека, во периодот од 2016 до периодот на извршување на ревизијата, цената за услугата за снабдување со вода за пиење за едно АД во приватна сопственост[50] е значително пониска од цената на услугата за категоријата стопанство. Цената за друштвото е определена со одлуки донесени од УО на ЈП Водовод и канализација Скопје, при што за истите не се обезбедени согласности од Советот на Град Скопје, што не во согласност со член 11 од ЗЈП. Причините поради кои ова друштво плаќа пониска цена за услугата не се образложени од страна на субјектот предмет на ревизија. Во Табела број 2 прикажани се цените за услугата за снабдување со вода кои ги плаќа друштвото споредено со цените кои ги плаќаат субјектите од категоријата стопанство.

Табела број 2

| **период** | **цена на услугата за снабдување со вода за пиење** | | **разлика** |
|---|---|---|---|
| | **АД во приватна соспственост** | **субјекти од категоријата стопанство** | |
| 01.2016-08.2017 | 2,54 | 46,63 | 44,09 |
| 09.2017-02.2018 | 3,55 | 46,63 | 43,08 |
| 03.2018-12.2018 | 11,65 | 46,63 | 34,98 |
| 01.2019-10.2019 | 22,75 | 48,50 | 25,75 |
| 11.2019-12.2019 | 12,00 | 48,50 | 36,50 |
| 01.2020-12.2021 | 13,00 | 49,50 | 36,50 |
| 01.2022- 31.2022 | 13,5 | 49,50 | 36,00 |

Во период од октомври 2006 година до декември 2018 година цената на услугата за снабдување со вода за пиење за категорија стопанство изнесува 46,63 ден/м$^3$

[50] Една од основните дејности на друштвото е водоснабдување на Железарница со вода за потребите на производниот процес, односно индустриските потреби и хигиенските потреби на вработените

утврдена со Одлука[51] на УО на ЈП и Решение[52] на Град Скопје. Во декември 2015 година врз основа на Одлука[53] на УО склучен е Договор[54] за услуга со АД во приватна сопственост, со кој се уредува плаќањето за извршена услуга за снабдување со вода да се врши по цена која е 18 пати пониска и изнесува - 2,54 ден/$m^3$. За наведената одлука не е добиена согласност од Совет на Град Скопје.

Во септември 2017 година со Одлука на УО цената на услугата е незначително зголемена и изнесува 3,55 ден/$m^3$, но истата сѐ уште била значително пониска од утврдената цена на услуга за снабдување со вода за пиење за категорија стопанство. За наведената одлука, исто така не е обезбедена согласност од Совет на град Скопје.

Во февруари 2020 година склучен е Договор[55] за плаќање на тарифа за водна услуга врз основа на Решение[56] од РКЕ со кое за АД во приватна сопственост утврдена е тарифа која е 4 пати пониска од тарифата за иста категорија корисници, при што до ревизорскиот тим не се доставени документи за објаснување на причините поради кои е утврдена оваа тарифа и друштвото е ставено во привилегирана положба во однос на останатите субјекти во стопанството.

Наведените состојби допринела ЈП Водовод и канализација Скопје, во периодот од 2016 година до денот на вршењето на ревизијата, за 1.020.059 илјади денари да оствари помалку приходи по основ на услугата за користење на вода, а со тоа за 100.883 илјади денари да искаже помалку ДДВ и за 22.705 илјади денари помалку да пресмета надоместок за користење на води, кој претставува приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид наведеното, укажуваме на потребата надлежните органи за управување и раководење во ЈП Водовод и канализација Скопје, да преземат мерки и активности за преиспитување на донесената одлука за висината на тарифата која ја плаќа АД во приватна сопственост за извршената услуга за снабдување со вода и реално определување на нејзината вредност.

6.2. Ревизијата смета за потребно да истакне дека во ЈП Водовод и канализација Скопје по разрешување на директорот, кој бил именуван на јавен оглас, во периодот од декември 2021 година заклучно до периодот на известување за

[51] Одлука на УО за утврдување на цената за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води бр. 02-11837/4 од 26.10.2006
[52] Решение за давање согласност бр. 07-425/1 од 20.02.2007
[53] Одлука на УО за утврдување на надоместок на трошоци за обезбедено доведување на вода бр. 0302-8604/3 од 14.07.2015
[54] Договор бр. 0307-15214/1 од 14.12.2015
[55] Договор бр. 0307-250/1 од 18.02.2020 година
[56] Решение за утврдување регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење за регулиран период 2019 – 2020 бр. 0302-13942/1 од 18.10.2019 година

извршената ревизија, функцијата директор на претпријатието ја извршуваат последователно три лица кои се назначени за вршители на должност директор на ЈП. Во член 24-а од ЗЈП предвидено е дека при разрешување на директор пред истекот на мандатот, до изборот на нов директор, градоначалникот на Град Скопје е должен во рок од пет дена од донесувањето на одлуката за разрешување, да именува вршител на должноста директор на ЈП, но не подолго од шест месеци. Ваквиот начин на раководење не овозможува континуитет во извршувањето на надлежностите и донесувањето на одлуки за работењето и развојот на претпријатието.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ревизијата смета дека е потребно градоначалникот на Град Скопје да преземе активности за именување на директор со објавување на јавен оглас во согласност со членот 23 од ЗЈП со цел да се овозможи транспарентноста во постапката за селекција и избор на директор со мандат од четири години.

6.3. За градежното земјиште, запишано во имотен лист[57], на кое е изградена административна зграда на ЈП Водовод и канализација Скопје, Советот на Град Скопје има донесено Одлука за учество во изградбата на објектот[58] со обезбедување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, преку засновање на долготраен закуп. Административната зграда со вредност во износ од 509.675 илјади денари и имотен лист[59] е изградена од ЈП Водовод и канализација Скопје. Во мај 2018 година, зградата по извршен стручен надзор и изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер за градби од втора категорија, ставена е во употреба. Сметаме за потребно да обелодениме дека над административната зграда и земјиштето запишано е право на залог (хипотека) во износ на побарување од 450.000 илјади денари, по основ на земен кредит за доврщување на зградата од Комерцијална банка АД Скопје, која се јавува како носител на право (доверител), а како хипотекарен должник за објектот е запишано ЈП и за земјиштето Град Скопје.

6.4. Пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје (ПСОВ) е една од најголемите инфраструктурни инвестиции во земјата, со која ќе се реши третманот на отпадните води во Град Скопје, честото прелевање на комбинираната канализациона мрежа во урбаните подрачја во случај на врнежи, нелегални приклучоци на канализациона мрежа, испуштања во површинските води и оштетени делови на мрежата. Оваа ПСОВ треба да опслужува околу 600.000 жители и да има големо влијание врз заштитата на

[57] Имотен лист бр.97796 КО Центар 1
[58] Одлука за учество во изградбата на деловен објект за потребите на ЈП Водовод и канализација број 07-181/1 од 20 01.2011 година
[59] Имотен лист бр.104769 КП бр.9551 од КО Центар 1

животната средина и намалување на загадувањето на реката Вардар.

ПСОВ е проект кој е планиран да се реализира од ЈП Водовод и канализација Скопје во соработка со Град Скопје, МЖСПП и МФ во улога на заемопримач. За таа цел, на 20.12.2019 година, МЖСПП, МФ потпишале договори за заем со Европската инвестициона банка (ЕИБ) во износ од 68 милиони евра или околу 4.195.600 илјади денари и со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во износ од 58 милиони евра или околу 3.578.600 илјади денари за финансирање на проектот, како и договори за имплементација на проектот со истите банки (ЕИБ и ЕБОР). Од Европската комисија одобрен е и грант (WBIF[60]) во износ од 70 милиони евра или околу 4.306.600 илјади денари, но договорот за истиот е во нацрт верзија и планирано е истиот да се потпише во март 2023 година. ЕБОР исто така има обезбедено грант во износ од 1 милион евра, техничка помош за изработка на Програма за подобрување на финансиското и оперативно работење на ЈП Водовод и канализација Скопје, вклучително и подготовка на договори за јавни услуги, како и Студија за прилив и инфилтрација која ги детерминира изворите на вода која влегува во канализационата мрежа и ги изготвила потребните приоритетни интервенции за нивно намалување/ отстранување.

Првата подготвителна фаза на проектот се состои од подготовка и избор на изведувач за "Договор за дизајн и градба" за која избран е најповолен понудувач, за што до март 2023 година се очекува потпишување на договор за изведба, како и избор на консултант за "Договор за администрирање и супервизија на договорот за градба".

Втората фаза на изведба треба да започне со потпишување на договори со избраните компании за изградба и супервизија. Според планираните активности оваа фаза треба да трае 72 месеци од кои 36 месеци за дизајн и изградба, 24 месеци пробен оперативен период и 12 месеци период за детектирање на дефекти.

За регулирање на меѓусебните права и обврски како и правните последици за неисполнување на истите, кои произлегуваат од договорите за заем и договорите за имплементација на проектот, МФ, МЖСПП, Градот Скопје и ЈП Водовод и канализација – Скопје на 31 мај 2021 година, склучиле договор за имплементација на проектот. Сите засегнати страни учествуваат во активностите и задачите поврзани со проектот, секој во својата дејност на делување.

Истакнуваме дека по целосно комплетирање на изградбата, ПСОВ на Град Скопје, ќе биде во сопственост на и управувана од ЈП Водовод и Канализација Скопје.

---

[60] WBIF – Western Balkans Investment Framework – Инвестициска рамка на Западен Балкан

6.5. Врз основа на спроведена анализа со состојба на 31.12.2021 година констатиравме дека побарувањата од купувачи изнесуваат 4.257.096 илјади денари и истите се поголеми за 7% во однос на претходната година и за 21% во однос на 2017 година.

На следниот графикон прикажани се побарувањата на ЈП Водовод и канализација Скопје во периодот од 2017 до 2021 година изразени во илјади денари.

Графикон бр. 5 – Побарувања од купувачи во период од 2017 до 2021 година




Од графичкиот приказ се забележува постојан тренд на зголемување на побарувањата во 2021 година во однос на истите во период 2017 - 2020 година. Во периодот од 2017 – 2022 година процентот на наплата се движи околу 84%[61]. Континуирано зголемување на износот на ненаплатени побарувања одговорните лица во претпријатието го објаснуваат со слабата платежна моќ на населението, спорите судски постапки и непостоење законска можност за исклучување на корисниците кои не ги плаќаат своите обврски во законски предвидениот рок.

6.6. Врз основа на спроведена анализа на обврските спрема добавувачите, нивната старосната структура, како и преземените мерки за плаќање заклучно со состојба на ден 31 декември 2021 година, констатиравме дека обврските спрема добавувачите во земјата изнесуваат 390.985 илјади денари и истите почнувајќи од 2018 година бележат тренд на зголемување. Обврските на крајот на 2021 година се за 37,9% поголеми во однос на претходната година и речиси двојно

[61] Информацијата е добиена од Сектор за наплата

поголеми во однос на 2018 година. На Графикон број 6 прикажани се обврските спрема добавувачите во земјата во периодот од 2017 до 2021 година изразени во илјади денари.

Графикон број 6 - Обврски спрема добавувачи во период од 2017 до 2021 година




ЈП Водовод и канализација Скопје на крајот на 2021 година има обврски кон 175 правни лица, од кои 77% од вредноста на обврските во износ од 299.645 илјади денари се однесуваат на обврски кон 20 правни лица.
Со анализа на старосната структура на обврските спрема добавувачите во земјата, констатиравме дека најголемиот дел од обврските се не доспеани обврски во износ од 130.347 илјади денари и неплатени доспеани обврски од 90 дена до 1 година во износ од 129.865 илјади денари, додека обврските кои се постари од една година изнесуваат 8.628 илјади денари. Подетални податоци за доспеаноста на обврските за 2021 година, искажани во илјади денари, се прикажани во Табела број 3:

Табела број 3 - Преглед на старосна структура на обврските во 2021 година

| Недоспеани обврски | до 30 дена | од 30 до 90 дена | од 90 дена до 1 година | над 1 години |
|---|---|---|---|---|
| 130.347 | 45.804 | 76.341 | 129.865 | 8.628 |
| 33,3% | 11,7% | 19,5% | 33,2% | 2,2% |

Истакнуваме дека значителното зголемување на обврските може неповолно да влијае на ликвидност на ЈП во идниот период.

6.7. Обрнуваме внимание дека ЈП Водовод и канализација Скопје, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 181 судски предмети. Заклучно со 30 ноември 2022 година, според податоците доставени од Секторот за правни и општи работи – Одделение за застапување за судските постапки констатиравме дека:

- Во својство на тужител, ЈП Водовод и канализација Скопје се јавува во 110 предмети против физички и правни лица по кои вкупните побарувања изнесуваат 122.925 илјади денари. Анализирајќи го бројот и видот на судските постапки констатиравме дека сите постапки се по основ на побарувања за неплатен долг. Половина од предметите се против правни лица во износ од 117.373 илјади денари и половина предмети се против физички лица во износ од 5.552 илјади денари. Најголемите побарувања во вкупен износ од 96.472 илјади денари, се по основ на две судски постапки за неплатен долг и камати со јавна здравствена установа и истите претставуваат 79% од вкупните побарувања. Четири судски постапки се водат за неплатен долг во вредност од 4.163 илјади денари со правни лица кои имаат отворено стечајна постапка.
- Во својство на тужена странка, ЈП Водовод и канализација Скопје се јавува во 71 предмети по кои главниот долг изнесува вкупно 104.455 илјади денари. Најголем дел од вредноста на тужбеното барање 72.802 илјада денари или 70% се однесува на долг, надоместок на материјална штета и стекнување без основ кон 3 доверители. Според бројот и видот на судската постапка констатиравме дека 35 предмети се однесуваат на работни спорови и за исплата на надоместоци од плата, 10 предмети се за надомест за штета, 14 постапки се водат за неплатен долг, 1 предмет за стекнување без основ, додека останатите 11 се по други основи.
- Постојат 4 судски постапки со судска разрешница во корист на ЈП Водовод и канализација Скопје, во износ од 51 илјади денари по основ на долг и работен спор, но истите се уште не се наплатени.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на друштвото.

6.8. ЈП Водовод и канализација Скопје во согласност со Процедурата за утужување на побарувањата[62] има поведено постапки за наплата на неплатените сметки и фактури за потрошена вода, подигнат смет и надомест за одржување на јавното

[62]Процедура ВИК-851-801 за утужување на побарувања на ЈП Водовод и канализација према корисници и утужување на ЈП Водовод и канализација по разни основи од јули 2020 година

градско зеленило од домаќинства и стопанство. За спроведување на наведените активности, претпријатиeто ангажира адвокати со кои склучува Протокол[63] врз основа на претходно потпишан договор за адвокатски услуги. Протоколи за утврдување на начинот и постапката за поведување и водење на постапка за наплата на неплатените фактури[64], ЈП Водовод и канализација Скопје има склучено и со ЈП Комунална Хигиена и ЈП Паркови и зеленило со кои се утврдува процентот кој отпаѓа на секоја од нив при плаќање на фактурите за трошоците во постапка (адвокатска награда, нотарска награда, нотарски трошок за достава, трошоци кои ќе настанат во постапка кај извршител и други трошоци).
Износ на тужени побарувања во периодот 2017 - 2021 година е 1.283.878 илјада денари од кои наплатени се 624.575 илјади денари или 49%. На Графикон број 7 прикажани се тужени и наплатени побарувања во периодот 2017 – 2021 година изразени во илјади денари.

Графикон број 7 – Тужени и наплатени побарувања во период 2017 - 2021 година




Во 2021 година наплатени се 94.704 илјади денари или 15% од вкупно наплатените тужени побарувања во период 2017 – 2021 година, што истовремено претставува најнизок процент на наплата во наведениот период.

Врз основа на спроведена анализа на трошоци за адвокати, нотари, извршители (правни услуги) и судски трошоци утврдивме дека во периодот од 2017 до 2021 година, трошоци за ангажирани адвокати, нотари и извршители за изготвување на нотарски платни налози за заостанати долгови кон ЈП Водовод и

[63] Протокол за утврдување на начинот и постапката за состав на Предлози за издавање на нотарски платен налог за неплатени фактури над 6.000 денари за потрошена вода, подигнат смет и надомест за одржување на јавното градско зеленило од домаќинства и малостопанство на ЈП Водовод и канализација Скопје

[64] Протоколи за утврдување на начинот и постапката за поведување и водење на постапка за наплата на неплатените фактури за потрошена вода, подигнат смет и надомест за одржување на јавното градско зеленило од домаќинства и малостопанство ЈП Водовод и канализација Скопје

канализација Скопје од домаќинства и стопанство, се во вкупен износ од 492.533 илјади денари, или приближно 8 милиони евра и судски трошоци во износ од 23.496 илјади денари. На Графикон број 8 прикажани се трошоци за адвокати, нотари и извршители во периодот од 2017 до 2021 година изразени во илјади денари.

Графикон број 8 – Трошоци за адвокати, нотари и извршители во период од 2017 до 2021 година во илјади денари




Во 2021 година овие трошоци изнесуваат вкупно 116.021 илјади денари или 1,9 милион евра за 72.331 постапки.

Причина за особено високите износи на трошоци за ангажирање на нотари и адвокати произлегува од член 68 од Законот за нотаријатот со кој меѓу другото е пропишано дека за парично побарување за вода и смет во вкупен износ над 6 илјади денари, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог задолжително го составува адвокат и мора да содржи адвокатски печат и потпис.

Иако се потпишани договори и протоколи за правни услуги, поради не утврдена процедура за начинот на распределување на предметите со цел поголема објективност во постапувањето, предметите најчесто се распределуваат кај исти адвокати, нотари и извршители. Во Табела број 4 прикажан е бројот на ангажирани адвокати, нотари и извршители и соодветно исплатени износи за

нивно ангажирање во 2021 година изразени во илјади денари.

Табела број 4 – Број на ангажирани адвокати, нотари и извршители и исплатени износи за нивно ангажирање во 2021 година

| | вкупно ангажирани адвокати, нотари и извршители | вкупно исплатени средства во 2021[65] | број на најчесто ангажирани адвокати, нотари и извршители | исплатени најголеми износи на адвокати, нотари и извршители | % на исплатени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| адвокати | 29 | 64.834 | 5 | 45.447 | 70% |
| нотари | 42 | 47.663 | 5 | 42.384 | 89% |
| извршители | 13 | 3.524 | 5 | 3.435 | 97% |
| **Вкупно** | | **116.021** | | **91.266** | **79%** |

Со извршената ревизија обрнуваме внимание на продуктивноста која е постигната во 2021 година при ангажирање на адвокати, нотари и извршители во однос на наплатата на побарувањата, особено ако се има во предвид дека вкупно исплатените средства за ангажирање на нотари, адвокати и извршители во 2021 година изнесуваат 116.021 илјади денари и истите го надминува износот на наплатените побарувања во истата година (94.704 илјади денари).

## 7. Останати прашања

7.1. Во член 214 од Законот за водите, предвидено е пресметување на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води, која треба да се утврди во дозволата за испуштање во води врз основа на "единица на штетност", а ја пресметува лицето кое испушта непречистени отпадни води во реципиентот. Имено, Владата на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање треба да го утврди начинот на пресметување на "единица на штетност" согласно со количината на испуштената вода, која се испушта во површинските и подземните води и начинот на плаќање на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води. Со ревизијата констатиравме дека не е донесен наведениот подзаконскиот акт, поради што не е утврден начинот на пресметување на "единица на штетност", во дозволите за испуштање во води не е определена варијабилната вредност на надоместокот и истата не се пресметува и наплатува.

Од тие причини, ја истакнуваме потребата од предлагање и донесување на подзаконски акт за уредување на начинот на пресметка на варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води, создавање услови за негова имплементација преку вклучување во дозволите и негова наплата.

[65] Во износот се вклучени вкупните трошоци кои ги плаќаат ЈП Водовод и канализација Скопје, ЈП Комунална хигиена и ЈП Паркови и зеленило

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Приходи од продажба | 3.1. | 1.423.515 | 1.401.978 |
| Останати приходи | 3.2. | 150.274 | 173.475 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги | 3.3. | 8.135 | 13.756 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.581.924** | **1.589.209** |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.4. | 210.133 | 205.044 |
| Трошоци за услуги | 3.5. | 93.832 | 77.927 |
| Останати трошоци од работењето | 3.6. | 129.408 | 87.695 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.7. | 609.505 | 617.878 |
| Трошоци за амортизација | 3.8. | 229.326 | 219.773 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.9. | 343.159 | 280.561 |
| Останати расходи | 3.11. | 14.406 | 10.965 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1.629.769** | **1.499.843** |
| | | | |
| **Финансиски приходи** | 3.12. | **9.064** | **8.264** |
| **Финансиски расходи** | 3.13. | **9.804** | **12.198** |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | (48.585) | 85.432 |
| **Данок од добивка** | 3.14. | **18.603** | **25.836** |
| | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 3.15. | (67.188) | 59.596 |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 31.632 | 62.779 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 586.753 | 668.414 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 527 | 79 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 39.413 | 25.425 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 1.348 | 1.352 |
| Останати побарувања | 4.6. | 3.711 | 744 |
| АВР | 4.7. | 1.291.481 | 1.205.569 |
| Залихи | 4.8. | 377.264 | 334.979 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.332.129** | **2.299.341** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.9. | 73.377 | 67.942 |
| Материјални средства | 4.10. | 3.218.331 | 3.206.922 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.11. | 1.651 | 1.681 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **3.293.359** | **3.276.545** |
| **Вкупна актива** | | **5.625.488** | **5.575.886** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.12. | **2.197.833** | **1.559.094** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 4.13. | 1.497.399 | 1.426.210 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.14. | 390.987 | 283.568 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.15. | 27.891 | 28.378 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.16. | 9.087 | 9.197 |
| Обврски спрема вработените | 4.17. | 19.451 | 19.446 |
| Останати краткорочни обврски и краткоро. резервирања | 4.18. | 200.916 | 198.715 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.19. | 52.398 | 39.298 |
| ПВР | 4.20. | 286.613 | 310.742 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **2.484.742** | **2.315.554** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.21. | 104.796 | 157.194 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **104.796** | **157.194** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.22. | 1.972.180 | 1.972.180 |
| Резерви | 4.23. | 606.195 | 546.599 |
| Акумулирана добивка | 4.24. | 524.763 | 524.763 |
| Добивка од тековната година | 4.25. | 0 | 59.596 |
| Загуба од тековната година | 4.26. | 67.188 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **3.035.950** | **3.103.138** |
| **Вкупна пасива** | | **5.625.488** | **5.575.886** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.27. | **2.197.833** | **1.559.094** |

ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | Загуба од тековната година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 1.972.180 | 546.599 | 524.763 | 59.596 | 0 | 3.103.138 |
| Добивка за деловна година | - | - | - | (59.596) | (67.188) | (126.784) |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | - | 59.596 | - | - | | 59.596 |
| Состојба 31.12.2021 година | 1.972.180 | 606.195 | 524.763 | 0 | (67.188) | 3.035.950 |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2021 ГОДИНА

000 денари

| | Износи |
|---|---|
| Нето добивка/ загуба | (67.188) |
| Амортизација | 229.326 |
| **Вкупно** | **162.138** |
| Промени во побарувања од купувачи | 81.213 |
| Промени во останати краткорочни побарувања | 4 |
| Промени во побарувања од државата и други институции | (13.988) |
| Промени во залихи | (42.285) |
| Промени во АВР | (85.912) |
| Промени во обврски спрема добавувачи | 178.121 |
| Промени во останати краткорочни обврски | 15.196 |
| Промени во ПВР | (24.129) |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **270.358** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (246.140) |
| Промени во краткорочни финансиски вложувања | (2.967) |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(249.107)** |
| Промени во долгорочни кредити | (52.398) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **(52.398)** |
| **Промени на паричните средства** | **(31.147)** |
| **Парични средства на почеток на година** | **62.779** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **31.632** |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-1154/3
Дата, Data 06-04-2023
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Главен државен ревизор М-р Максим Ацевски

Предмет: Забелешки на нацрт извештај

дата: 06.04.2023 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 07.04.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë: | Вредност Vlera: |
| 19-453/5 | | | |

Почитуван г. Ацевски,

Согласно Нацрт извештај број 19-453/2 од 07.03.2023, во ЈП Водовод и канализација Скопје примен на 08.03.2023 под број 0302-1154/2 на 09.03.2023 година, во прилог Ви доставуваме забелешки на истиот:

1. За забелешка 4.1.1. – во забелешката утврдениот неплатен износ кон Буџетот на Република Северна Македонија е согласно аналитичките картици. Во деловните книги се евидентира пресметаниот износ за Фонд за води и Фонд за отпадни води, додека во извештаите на претпријатието се евидентира наплатената реализација по која произлегува обврската за плаќање на надоместокот за Фонд за води и Фонд за отпадни води. Од таа причина сметаме дека како неплатена обврска кон Буџетот не може да се земе во предвид пресметаниот износ, туку наплатениот износ на надоместокот.

2. За забелешка 4.1.4. – ЈП Водовод и канализација Скопје финансиските средства за нови вработувања ги обезбедува од тековното работење и истите се предвидени со Финасискиот план, а обврската да обезбеди известувања за обезбедени финансиски средства од надлежните органи е исполнета на начин што Град Скопје како основач на ЈП Водовод и канализација Скопје до Агенцијата за вработување има доставено Известување бр.10-198/1 од 12.01.2021 година со кое ја известува Агенцијата дека „Како основач Градот Скопје нема обврска да издвојува средства од буџетот за плати на вработените на јавните претпријатија, истите не се корисници на средствата од буџетот на Град Скопје. Град Скопје е основач на Јавното претпријатие Водовод и канализација и истото не е корисник на средствата од буџетот на Град Скопје за исплата на плати на вработените во претпријатието". Исто Известување со бр.10-199/1 од 12.01.2021 година е доставено и до ЈП Водовод и канализација Скопје. Известувањата Ви ги доставуваме во прилог на овој допис.

3. За забелешка 4.2.2. – во врска со забелешките за извршениот попис, Ве известуваме дека ЈП Водовод и канализација Скопје има интерно упатство за работа на пописните комисии. Околу забелешката за побарувањата и обврските, Ве известуваме дека усогласувањето на нивната сметководствена со фактичката состојба, не е можно да се направи поради големината на нашето претпријатие.Имено ,еве само дел од побарувањата и обврските : побарувања од купувачи, тужени побарувања, стечајни

побарувања, застарени и спорни побарувања, усогласување на побарувањата, обврски према добавувачи, обврски за примени аванси и долгорочни обврски по основ на кредит. Околу забелешките за неизработениот план на работа на пописните комисии и недостатокот на податоци кај градежните објекти, Ве известуваме дека истите се веќе имплементирани.

4. За забелешка 4.2.4. – поголемиот дел од земјиштето и градежните објекти кои немаат регулирани права се изградени по земјотресот во Скопје од 1963 година кога се градеа населбите. Овие објекти се изградени од страна на тогашниот СИЗ за станбена и комунална изградба на Град Скопје чиј правен следбеник потоа беше ЈП за стопанисување со станбени објекти. Во повеќе наврати ЈП Водовод и канализација Скопје се обрати за добивање на документација за овие објекти (имотно-правна и градежно техничка) но од нивна страна не ни беше доставена бараната документација со образложение дека истата е уништена во поплава која го зафатила објектот во кој истите биле чувани. Дополнително околу оваа забелешка кога станува збор за инвестиции изведени од надворешни правни лица (министерства, општини и сл.) за кои ЈП Водовод и канализација Скопје нема добиено соодветна документанција (Договор за примопредавање, Записник за примопредавање, завршни ситуации и сл.) и од истите причини не може соодветно да ги евидентира во сметководствената евиденција.

5. За забелешка 4.2.6. – Утврдувањето и планирањето на фактичката потреба за залихи е прашање и предизвик за претпријатие со големина како ЈП Водовод и канализација Скопје. Мора да се има во предвид дека се работи за претпријатие кое има обврска да ги оддржува сите инсталации (мрежи), опрема (пумпи) и помошни средства (возила, алати и сл) и разбирливо е дека мора да имаме залиха на голем број делови кои би можеле да се појават како потреба за сервисирање при одржување. Кај водоводните делови, треба да се знае дека во системот има цевки од разни материјали (челик, лиено железо, азбест-цемент, поцинкувани, пластични ПВЦ, пластични ПЕ) и по димензија од најмали до најголеми (1/2 цол до 1600 мм). Покрај самите цевки, во употреба се разни фасонски делови, затварачи, хидранти и други водоводни арматури, како и поситен споен материјал, водоимери и нивните спојни делови. Од тие причини во залихите се појавуваат голем број на делови за одржување на водоводните цевки. Треба да се имаат во предвид дека поголемите димензии на делови не се стока која е за масовна употреба, па затоа и нивната достапност на пазарот е ограничена. Трговците-добавувачи ретко држат на залиха делови со поголеми димензии, па затоа таква залиха мора да има во претпријатието. Слично е и кај деловите наменети за канализација. Кај деловите наменети за одржување на пумпи и слична опрема (електро делови за погон на пумпите), ситуацијата е уште подрастична. Имено, пумпите се опрема која се порачува по порачка за

конкретна локација и намена. Резервни делови за нив локално не чува ниту еден добавувач, туку се порачуваат од фабрика по потреба. Роковите на испорака на делови, зависно од брендот се движи до 45 денови, а во последниот период роковите се и подолги од 60 денови. Слична е состојбата со делови за опремата за хлорирање. Таква опрема се користи само во водоводните претпријатија. Поради употребата на специјални материјали тие делови се скапи. Нивната достапност е неопходна за непрекинато функционирање, односно дезинфекција на водата. Поради горенаведеноти, а за да не се доведеме во ситуација на дефекти за кои не би биле во можност да интервенираме, во Претпријатието постои заложба да се чува на залиха на резервни делови. Во употреба се многубројни разни видови опрема од многу голем број на производители па сетоа ова се мултуплицира до залиха. Залихите на делови во магацинот за автоделови се однесуваат за возила и механизација по тип и модел. ЈП Водовод и канализација Скопје рапсолага со возен парк од окулу 180 возни единици, за чие одржување (редовни сервиси и вонредни дефекти) се грижи Секторот Механизација. Набавката на делови се врши според производител и модел на возило, па оттука и бројноста на делови во магацинот. Постоењето на делови во магацинот кај кои нема движење низ годините е од едноставна причина што немало потреба од вградување на тие делови,а некои од возилата поретко се користат поради обновувањето на возниот парк изминативе години. Што се однесува до залихата на бургии, нерезници, стругарски ножеви, вработените од машинобраварското одделение при вршење на обврските и по завршување на обрвските (по даден налог) ги враќаат повторно во магацин. Кога веќе нема да бидат употребливи во налогот за работа во делот на употребен материјал се пишува дека е искористена некоја од горенаведените ставки. Со тоа се добива впечаток дека нема движење на овие ставки, а во суштина тие се кроситат на овој начин.

6. За забелешка 4.2.7. –Согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор Вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос во институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје. Согласно член 25 од истиот закон, „Вработените во јавниот сектор за својата работа имаат право на плата согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.“Во Глава V. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА од Колективниот договор за уредување на правата обврските и одговорностите на вработените во ЈП Водовод и канализација Скопје се уредени правото на плата и надоместоци од плата за вработените во претпријатието, вклучително и за вработените кои имаат статус на

административни службеници. Во член 50 од Колективниот договор е уредено дека: „Со Правилникот за плати, надоместоци на нето плати и други примања на работниците ќе се изврши конкретно групирање на оделни работи односно работни места во одредени групи на сложеност при што може да се утврдат и други коефициенти на оделни степени на сложеност, односно да се зголеми соодност меѓу највисокото и најниското вреднувано работно место. Со Правилникот од ставот 1 на овој член, врз основа на член 49 од овој Колективен договор, се утврдуваат број на бодови за секое работно место, кои изразени во денари преставува нето плата за соодветното работно место. Вредноста на бодот се одредува согласно член 49 од овој Колективен договор и порастот на животните трошоци.“Согласно оваа одредба, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје на седницата одржана на ден 05.09.2019 година донесе Правилник за плати надоместоци на плати и други примања на вработените во ЈП Водовод и канализација – Скопје. Во член 3 став 1 од Правилникот е утврдено дека: „Вработените во Претпријатието кои имаат статус на административни службеници (подгрупа јавни службеници) имаат право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос во ЈП Водовод и канализација Скопје (во натамошен текст – Колективен договор на Претпријатието) и овој Правилник. Овој Правилник содржи Глава ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ каде подетално е уредено прашањето за платите на вработените со статус на административни службеници.

Околу забелешката дека податоците за работен стаж не се ажурираат врз основа на добиени листи од ПИОМ, Ве известуваме дека не се согласуваме со оваа забелешка, затоа што ние стажот го внесуваме врз основа на податоците од М4 листата за стаж добиена од ПИОМ во делот М1/М2 (пријава/одјава).

7. За забелешката 4.2.9. – во септември 2018 година ЈП Водовод и канализација Скопје усвои Стратегија за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем на Град Скопје. Од оваа Стратегија изминатиов период се имплементираат многу мерки со цел намалување на загубите на вода и се очекува на среден и долг рок да доведат до значително намалување на истите:
   - Реконструкција и санација на стари цефководи.
   - Системско испитување на водоводната мрежа
   - Контрола на потрошувачите со цел утврдување на нелегални приклучоци и мрежа
   - Редовна контрола на исправноста, поправка и баждарење на водомерите кај потрошувачките и нивно почесто читање

- Навремено откривање и санирање на дефекти
- Имплементирање на мониторинг систем со вградување на фреквентни регулатори и софт-стартери на пумпните станици воведена е и апликација - софтвер за мониторирање на системот (пумпните станици) со кој ни овозможи зголемена погонска сигурност на целиот систем, подобрено користење на дистрибутивната мрежа и објектите, намалување на погонските трошоци (на пример на потрошувачката на електрична енергија и друго), подобрен квалитет на услугите преку контрола на притисоците во мрежата, рано воочување на опасни ситуации и превземање на ефикасни против мерки, рано осознавање за појава на дефектите и намалување на загубите на вода,. Во иднина се планира да се имплементира и SCADA систем со што се очекува и автоматизација на водоснабдителниот систем
- Намалување на загубите на вода од комунална потрошувачка, односно инсталирање на водомери кај сите корисници за кои претпријатието е информирани (парковски мрежи, места кои користат вода за полнење на возилата за миење на улици и противпожарните возила и др.)

8. За забелешката 4.3.1. – Во врска со констатираната состојба за обезбедените банкарски гаранции за квалитетно извршување на договорот дека се утврдени на износ на вредноста на склучениот договор без ДДВ, во членот 102 од ЗЈН во кој е наведено дека „истите се определуваат на вкупната вредност на склучениот договор" никаде не е наведено дека при пресметувањето треба да се земе вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ. По укажувањата од ДЗР оваа констатација веднаш беше имплементирана и банкарските гаранции за квалитетно извршување на договорот се утврдуваат на износ на вредноста на склучениот договор со ДДВ.

   - Во врска со констатираната состојба за набавка на услуга за одржување на фонтаните во сопственост на Градот Скопје, дека во тендерската документација за докажување на способноста за вршење професионална дејност побарано е од економските оператори да поседуваат лиценца Б за изведување и дека овој услов не е пропорционален и директно поврзан со предметот на договорот за јавна набавка, сакаме да укажеме на фактот дека интервенциите за одржување и поправки на самите фонтани се вршат на отворено место, на јавна површина, со попречување на движење во колината (отворени шахти, извадени плочи на плоштадот), што значи дека целата интервенција е многу слична на зафат при изведување на градежни работи. Оттаму, за да се запазат безбедносните аспекти при вршењето на услугата, сметавме дека е добро понудувачите да посебуваат лиценца Б за изведување, иако истата е планирана како набавка на услуга. Во секој случај, сметаме дека ова барање не влијае на ограничување на конкуренцијата, бидејќи сите фирми кои би можеле да одржуваат фонтани истовремено се и изведувачи (што може да се потврди со пребарување преку ЕСЈН за фирмите

кои учествуваат на овие набавки и со кои има склучено договори во државата).Секако дека оваа констатација е прифатена од наша страна и при објавувањето на отворената постапка за 2023 година условот понудувачите да поседуваат лиценца Б за изведување е исклучен, односно истиот не се бара.

- Во врска со констатираната состојба за набавка на систем за автоматско управување со фреквентни регулатори и софтстартери спроведени во 2020 и 2021 година дека за докажување на економска и финансиска состојба од економскте оператори е побарано да достават доказ за минимален годишен обрт на средства за последните три финансиски години во износ двојно повеќе од проценетата вредност на набавката, укажуваме дека износот на минимален годишен обрт на средства за последните три финансиски години не е двојно поголем од проценетата вредност на набавката туку е еднаков односно ист со износот утврден како максимален во ЗЈН, поради што сметаме дека ова барање е во рамките на законски одредби. Суштината на барањето потекнува од потребата договорниот орган да се озбезбеди дека избраниот економски оператор има доволно претходно искуство во проекти со сличен обем, и дека ќе има способност, односно капацитет да ги испорача, вгради, програмира и пушти во работа бараните стоки (во случајот опрема за автоматско управување со пумпи). Овој процес трае подолго време и после отпочнувањето, процесот мора да тече според планираната динамка, однсно мора да се заврши во најкраток можен рок за да се обезбеди прекините на услугата за водоснабдување да биде што е можно пократка. За да се оствари сето тоа, изведувачот мора да има капацитет однапред да ја набави сета потребна стока, опрема, потрошни материјали и слично.Сметаме дека тоа е формална, а не суштинска забелешка и не влијае на ограничувањето на конкуренцијата во овие постапки.

- Во врска со забелешката за спроведената постапка за набавка на услуга за одржување на систем за управување со печатење, уреди и тонери, Ве известуваме дека истата постапка е имплементирана врз основа на стратегијата за дигитализација на Претпријатието и со цел оптимизација на процесите, средствата и ресурсите во 2019 година направена е консолидација на двете точки од планот за јавни набавки во една која ќе овозможи управувани услуги за печатење преку воведување на систем за управување со печатење со вкупна вредност од 3,200,000.00. Според планот за јавни набавки за 2018-та година точка 146 и 68 рефенренцираат на одржување на принтери и тонери со вкупна вредност од 4,500,000.00 број и опис на набавката146 Одржување на сервери, печатари, мрежи, уреди од ИТ со вградување на резервни делови 3,000,000.00, 68 Кертрици и тонери 4,000,000.00. Системот за управување со печатењето помага на претпријатието да ги управуваат своите активности поефикасно и поекономично. Некои од најзначајните карактеристики на системот се:

- Безбедно печатење: обезбедува напредни безбедносни функции за да се гарантира дека доверливите документи се печатат само од овластени корисници.
- Штедење на трошоци: овозможува на претпријатието да ги следи своите трошоци за печатење и да се идентификуваат областите каде може да се намалат трошоците.
- Одржливост: ги поттикнува одржливите практики на печатење со намалување на отпадот и оптимизирање на потрошувачката на енергија.

Предметот на набавка не е делив од горенаведените причини и во ниеден момент не е ограничена конкурентноста што се гледа од извештаите од постапките за јавни набавки во изминативе години каде учествуваат и по 5(пет) економски оператори и истите завршуваат со најповолната понуда по електронска аукција.

Со почит,

Изработил: М-р Стефан Вангелски - Советник за финансиски прашања

Жарко Ивановиќ – Помошник раководител на Сектор ЕОК

Дарко Доневски – Раководител на правна служба

Луиза Накова - Раководител на Одделение за јавни набавки

Контролирал и одобрил: Ѓорѓи Бошковски – В.д. Главен асистен на директорот

ЈП Водовод и канализација Скопје
Директор
Драган Илиевски

---------------------------------------------

Доставено до:
- Архива на Генерален Директор
- Насловот
- Архива
- Советник за финансиски прашања

ПРИЛОГ БР.4

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки/произнесување број 0302-1154/3 од 06.04.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, од страна на г. Драган Илиевски, в.д. директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-453/5 од 07.04.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.1**., која се однесува на неуплатените надоместоци за користење на вода и испуштање во води во Буџетот на Република Северна Македонија **претставува известување** за начинот на евидентирање на пресметаните и наплатените побарувања од обврзниците кои користат и испуштаат во води, како и за обврската на претпријатието за уплата на наплатените надоместоците на посебна сметка во рамките на трезорската сметка во Буџетот на Република Северна Македонија. Имено, во содржината на ревизорскиот извештај обелоденета е висината на искажаните обврски на ЈП Водовод и канализација Скопје спрема Буџетот на Република Северна Македонија, кои се евидентирани во деловни книги. Истакнуваме дека во Графикон број 1 прикажани се наплатените надоместоци за користење на вода и за испуштање во води изразени во илјади денари и истовремено, направена е нивна споредба со уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 2017 – 2022 година. Исто така, во Прилог бр. 1 – Преглед на обврски спрема Буџет на Република Северна Македонија, кој е составен дел на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, поединечно се прикажани податоци за пресметаниот, наплатениот и уплатениот надоместок на трезорската сметка во Буџетот на Република Северна Македонија во која е вклучен периодот пред 2017 година до 2022 година.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точка 4.1.4.** која се однесува на необезбедени согласности во постапките за вработување на давателите на јавни услуги и административните службеници **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките доставено е Известувањето од градоначалникот на Град Скопје број 10-191/1 од 12.01.2021 година до Агенција за вработување на Република Северна Македонија, во чија содржина е наведено дека Град Скопје нема обврска да издвојува средства од неговиот буџет за плати на вработените во јавните

претпријатија. Наведеното Известување беше презентирано на ревизорскиот тим при извршување на ревизијата, но истото не влијае на промена на констатираната состојба. Истакнуваме дека, постапката за вработување на даватели на јавни услуги и административни службеници мора да отпочне со согласност за обезбедени финансиски средства од градоначалникот на Град Скопје, односно Советот на Град Скопје, и истата е пропишана соодветно во член 37-е став 4 од Закон за јавните претпријатија пропишано и во член 5 точка 7 и член 30 став 5 од Закон за административни службеници.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2.** која се однесува на спроведениот попис на средствата и обврските, претставува **образложение** за причините поради кои субјектот не ја исполнил законската обврска за вршење целосен попис, како и известување за преземени активности по дадените препораки во делот на изработка на план за работа на пописните комисии и попис на градежни објекти.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4.,** која се однесува на нерегулирани права на земјиште и градежни објекти претставува **образложение** за причините поради кои субјектот не е во можност да ги евидентира истите во материјалната и сметководствената евиденција. Добиеното известување е земено во предвид при вршење на ревизијата и истото соодветно е образложено во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

5. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.6.**, која се однесува на несоодветното планирање и управување со залихите **претставува известување** за начинот на кој јавното претпријатие ја врши дејноста и за потребите од одреден вид залихи за негово непречено функционирање, што ревизијата ги имаше во предвид при извршување на ревизијата. Утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се однесуваат на залихите кои се набавени пред 2017 година, истите не биле издадени во употреба до денот на вршење на ревизијата и за нив не е утврдена нивната нето реализациона вредност во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството МСС 2 точките 6 и 9, точка 26 од пропишаните Сметководствени политики на ЈП Водовод и канализација Скопје. Исто така, во извештајот е истакната потребата од одредување на минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали и резервни делови со цел ефикасно управување со истите.

6. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.2.7.,** која се однесуваат на висината на платите за вработените кои имаат статус на административни службеници и неточно пресметан и исплатен минат труд **не се прифаќа.** Имено, содржината на доставената забелешка претставува толкување на законските одредби со кои се регулира платата и надоместоците на плата за

административните службеници. Истакнуваме дека статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници се уредени со Законот за административни службеници[1], со исклучок на административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, регулаторните тела и Народната банка на Република Северна Македонија за кои е оставена можност определени прашања од работниот однос во целост или делумно да ги уредат на начин различен од наведениот закон. Имајќи го во предвид наведеното со оглед на тоа дека ЈП Водовод и канализација Скопје не е дел од исклучокот во законот истиот во однос на административните службеници има обврска во целост да го применува Законот за административни службеници. За констатацијата дека податоците за работен стаж во матичната евиденција за вработените не се ажурираат врз основа на добиени листи од ПИОМ, што предизвикува неточна пресметка и исплата на додаток за минат труд, искажано е несогласување без доставување на дополнителна документација која би влијаела на промена на утврдената состојба. Имено согласно член 207-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување[2] и Правилникот за содржината на прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција на осигурениците[3], официјален документ за потврда на вкупниот стаж остварен во државата и во странски држави е прегледот на регистрирани податоци кој го издава за Фондот за ПИОМ, а не образецот М4.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.9.** која се однесува на количините на произведена, приходувана и неприходувана вода **претставува известување** за преземени мерки и планирани идни активности за намалување на загубите за вода. Даденото известување беше земено во предвид при вршење на ревизијата и истото не влијае на утврдената состојба во однос на загубата на вода во периодот 2008 – 2022 година.

8. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.3.1.** кои се однесуваат на утврдените состојби во однос на:
   - обезбедените банкарски гаранции за квалитетно извршување на договорот, **претставува известување** за преземени активности во насока на надминување на утврдените состојби за кои не се доставени докази;

---

[1] Член 4 од Закон за административни службеници;

[2]Закон за пензиското и инвалидското осигурување, ("Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, бр.166/12 , бр.15/13,....245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22;

[3] Правилникот за содржината на прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција на осигурениците, ("Службен весник на РМ" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14,113/14, 60/14,188/14, 20/15 и 61/15).

- критериумите за докажување на способноста за вршење на професионална дејност во спроведената постапка за јавна набавка на услуги за одржување на фонтани **претставува известување** за преземени активности во насока на надминување на утврдената состојба при спроведување на постапката во 2023 година за која не се доставени докази;
- критериумите за докажување на економска и финансиска состојба во спроведените постапки за набавка на систем за автоматско управување со фреквентни регулатори и софт-стартери спроведени во 2020 и 2021 година, **претставува известување** од причина што претставува толкување на законските одредби. Имено, во член 91 став 3 од ЗЈН предвидено е дека договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката, а во постапката спроведена во 2020 година каде проценетата вредност на договорот за јавна набавка е 15.000 илјади денари побарано е економските оператори да достават доказ за минимален годишен обрт на средства (вкупни приходи) од 30.000 илјади денари за последните три финансиски години (2017, 2018, 2019 година) што претставува двојно повеќе од проценетата вредноста. Во спроведената постапка од 2021 година проценетата вредност е утврдена во износ од 20.000 илјади денари, а од економските оператори побарано е истите да остваруваат минимален годишен обрт на средства (вкупни приходи) од 40.000 илјади денари годишно за секоја година поединечно во последните три години (2018, 2019, 2020 година).
- начинот на оформување на предметот на набавка како неделив во спроведената постапка за набавка на услуга за одржување на систем за управување со печатење, уреди и тонери во 2021 година претставува **известување** за причините и ефектите од користење на систем за управување со печатење кои воопшто не беа оспорени во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за 2021 година.